Република Северна Македонија
Министерство за информатичко општество и администрација
Бр. 14-568/1
01.02.2022 год.
Скопје

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
МИНИСТЕРСТВО ЗА ИНФОРМАТИЧКО ОПШТЕСТВО И АДМИНИСТРАЦИЈА
MINISTRIA E SHOQËRISË INFORMATIKE DHE ADMINISTRATËS
Бр.-Nr. 14-568/1
01.02 2022 год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP

# Записник од 40-та седница на Националната канцеларија за бродбенд компетентност (НКБК)

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Место на одржување** | Online седница | | |
| **Датум** | 20.12.2021 година | **Време** | 09.45 – 11.00 часот |
| **Бр. на седница** | 40-та седница | | |
| **Состанокот го води** | Димитар Буковалов, претседател на НКБК | | |
| **Учесници** | **Поканети:**<br>1. Димитар Буковалов – претседател на НКБК<br>2. Анастас Мишев – зам.претседател<br>3. Боро Јакимовски – член на НКБК<br>4. Зоран Дервишов – член на НКБК<br>5. Славица Настеска – член на НКБК | **Присутни:**<br>1. Димитар Буковалов – претседател на НКБК<br>2. Анастас Мишев – зам.претседател<br>3. Боро Јакимовски – член на НКБК<br>4. Зоран Дервишов – член на НКБК<br>5. Славица Настеска – член на НКБК | |
| **Други присутни на состанокот** | Љубен Талев, Сашко Стојковски, Зоран Мурџев, Милан Николовски (независни експерти), Ана Малцева (Кабинет на претседателот на Владата). | | |
| **Логистичка поддршка** | Мишко Талески, Владимир Радосављевиќ и Букурије Јашари Мемети (МИОА) | | |

## ДНЕВЕН РЕД

1. Усвојување на предлог Записникот од седницата на НКБК одржана на 15.12.2021 година ;
2. Усвојување на Мислење по предлог измените на Законот за регулирање на статусот на бесправно изградени објекти;
3. Разно.

;

**Тек на седницата**

Претседателот на НКБК, Димитар Буковалов, ја отвори 40-та редовна online седница на Националната канцеларија за бродбенд компетентност (НКБК), при што утврди дека се присутни пет членови на НКБК, со што телото може полноважно да одлучува. Дневниот ред беше усвоен едногласно од сите членови.

**За првата точка од дневниот ред,**

Во рамките на првата точка, членовите на НКБК едногласно го усвоија записникот од 39-та седница, одржана на 15.12.2021 година, без забелешки.

**За втората точка од дневниот ред,**

Во рамките на втората точка, претседателот на телото, Буковалов, отвори дискусија по однос на подготовката на мислењето на НКБК за предлог измените на Законот за регулирање на статусот на бесправно изградени објекти.

Тој појасни дека законот треба да оперира со терминот електронски комуникациски мрежи и средства и затоа телото предлага дефиниции кои се однесуваат на кабелска канализација, кабелска шахта, кабелска галерија, антенски систем, електронски комуникациски кабел и инсталација во зграда.

Доколку предложените дефиниции не станат составен дел од законот неговата практична имплементација би се довела во прашање, а особено во процесот на прецизно утврдување на објектите за кои ќе треба да се утврдува правниот статус. Исто така, дефинициите не се во спротивност со постојната домашна и европска регулатива за електронски комуникации.

Поддршка за предложените дефиниции НКБК доби и од независните експерти присутни на седницата, оценувајќи дека тие се повеќе од неопходни и треба бидат составен дел не само од овој закон, туку и од други законски и подзаконски акти, правилници и сл., поврзани со оваа област.

По завршувањето на дискусијата, претседателот Буковалов го стави на гласање предлог мислењето.

**Заклучок** : Националната канцеларија за бродбенд компетентност едногласно го усвои мислењето за предлог измените на Законот за регулирање на статусот на бесправно изградени објекти. Истото ќе биде доставено до Министерството за транспорт и врски

**За третата точка од дневниот ред,**

Во рамките на точката „Разно„ членот на НКБК, не се отворија теми за дискусија.

Записникот го водеше претседателот на НКБК

**Димитар Буковалов**